Врз основа на член 19 и 29 од Законот за јавни претпријатија ("Службен весник на РМ"бр.38/96), Управниот одбор на Јавното претпријатие за комунални дејности на седницата одржана на ден 24.02.2023 година го донесе :

# С Т А Т У Т

## НА ЈАВНОТО ПРЕТПРИЈАТИЕ ЗА КОМУНАЛНИ ДЕЈНОСТИ

## ТОПОЛКА-ЧАШКА

## (пречистен текст)

### I.ОПШТИ ОДРЕДБИ

**Член 1**

Со овој Статут поблиску се уредуваат: организацијата, управувањето и раководењето на претпријатието, дејноста, општи акти и постапката за нивното донесување, информирањето, планирањето, заштитата и унапредувањето на животната средина, како и други прашања од значење за Јавното претпријатие за комунални дејности.

**Член 2**

Јавното претпријатие за комунални дејности ТОПОЛКА-ЧАШКА, се основа заради вршење на дејност од комуналната област од јавен интерес, а која е незаменлив услов за животот и работата на граѓаните на територијата на општина Чашка.

Јавното претпријатие за комунални дејности има својство на правно лице со своја жиро сметка, а за извршените и превземените обврски во правнот промет одговара со сиот свој имот со целосна одговорност.

### II.ОСНОВАЊЕ

**Член 3**

Советот на општина Чашка со одлука бр.07-15/2 од 27.01.1999 го основа Јавното претпријатие за комунални дејности ТОПОЛКА Чашка.

Основачот за основање и почеток со работа на Јавното претпријатие обезбедува средства во висина од 40.000,00 денари.

Средствата за работењето и развојот на јавното претпријатие обезбедуваат од приходите кои тоа ги остварува со сопствено работење, преку средствата кои со посебна годишна програма ги обезбедува основачот, од кредитните средства и други извори во согласност со законот.

**III.ДЕЈНОСТ, ФИРМА, СЕДИШТЕ, ПЕЧАТ И ШТЕМБИЛ НА ПРЕТПРИЈАТИЕТО**

**-ДЕЈНОСТ**

**Член 4**

Претпријатието ги врши следните дејности кои се од посебен јавен интерес и му е доверено вршење на дејности од јавен интерес на подрачјето на Општина Чашка.

36 Собирање, обработка и снабдување на вода

36.0 Собирање, обработка и снабдување на вода

37 Отстранување на отпадни води

37.0 Отстранување на отпадни води

38 Дејности за собирање, обработка и отстранување на отпад

38.1 Собирање на отпад

38.2 Обработка и острануавње на отпад

39 Дејности за санација и останати услуги на управување со отпад

42 Нискоградба

42.2 Изградба на комунални објекти

42.9 Изградба на други објекти од нискоградба

42.91 Изградба на хидроградежни објекти

42.99 Изградба на други објекти од нискоградба, неспомнати на друго место

43 Специјализирани градежни дејности

43.2 Електроинсталатерски, водоводни, и канализациски инсталации и други градежни инсталатерски работи

43.21 Електроинсталатерски работи

43.22 Поставуавње на инсталации за водовод канализација и инсталации

81.29 Останати услуги за чистење (пазарни услуги)

93.2 Забавни рекреативни дејности

93.21 Дејности за забавни и тематски паркови

96.0 Други лични услужни дејности

**81.30. Услужни дејности за уредување и одржување на животната средина (градски површини-паркови, зелени површини, гробишта итн.)**

Во извршувањето на дејностите од јавен интерес треба да се почтуваат принципите сигурност во давње на услугите, континуитет и квалитет на услугата, траспарентност, достапност и универзална  услуга, заштита на корисниците и потрошувачите.

**Член 5**

Претпријатето дејноста од јавен интерес ја врши трајно и без прекин и неговата работа е јавна и транспарентна, во согласност со Законот, овој Статут и другите прописи со кои се редуваат условите и начинот на вршење на дејност од јавен интерес.

Претпријатието е должно да обезбеди јавност и транспарентност во финансиските односи во своето материјално-финасиско работење, согласно  Законот, овој Статут и Меѓународните финансиски стандарди за јавен сектор.

**Член 6**

Јавното претпријатие за комунални дејности може да ја промени дејноста со:

-Проширување на дејноста,

-Воведување нови дејности,

-Укинување на одделни дејности.

За сите погоре наведени промени одлучува надлежниот орган во претпријатието, а на предлог на управниот одбор.

**-ФИРМА**

**Член 7**

Полно име на фирмата е: Јавно претпријатие за комунални дејности ТОПОЛКА-Чашка.

**-СЕДИШТЕ**

**Член 8**

Седиштето на Јавното претпријатие за комунални дејности е во нас.Чашка на ул.Илинденска бр.5.

**-ПЕЧАТ И ШТЕМБИЛ**

**Член 9**

Јавното претпријатие има свој печат и штембил.

**Член 10**

Печатот на Јавното претпријатие за комунални дејности има форма на круг со пречник од Ф40, со текст испишан на македонски и албански јазик со името и седиштето на претпријатието напишано со кирилично и латинично писмо.

**Член 11**

Штембилот на Јавното претпријатие за комунални дејности има правоаголна форма со димензии 49х34 мм, на која е испишана фирмата и седиште на претпријатието на македонски и албански јазик.

**Член 12**

Бројот на печатите и штембилот, начинот на нивната употреба, чување и уништување ја одредува Директорот на претпријатието со одлука согласно законот.

За употреба и чување на печатот на Претпријатието е одговорно лицето кое ќе го одреди Директорот.

## IV.ОРГАНИ НА ПРЕТПРИЈАТИЕТО

**Член 13**

Органи на претпријатието се:

-Управен одбор

-Директор

-Надзорен одбор за контрола на материјално-финансиско работење

### -УПРАВЕН ОДБОР

**Член 14**

Во Управниот одбор основач именуван, односно разрешува претставници од редот на афирмирани и познати стручњаци од областа на предметот на работењето на јавното претпријатие по предлог на Советот на општината.

Управниот одбор ќе брои 5 члена.

Четири члена од основачот и еден член од вработение во претпријатието, а по предлог на Советот на општината.

Време траењето на мандатот на членовите на Управниот одбор не може да биде подолг од 4 (четири) години.

Членот на Управниот одбор не може да има лично , преку трето лице, или по било кој основ, интереси во претпријатието.

Секој член на управниот одбор како и директорот се должни да го предупредат основачот за постоење на ваков интерес, од страна на еден или повеќе членови на Управниот одбор.

Управниот одбор од редот на своите ченови избира претседател и заменик претседател.

За претседател на Управниот одбор, заменик или член, неможе да биде именувано лице на кое со правосилна одлука му е изречена казна затвор заради кражба, измама и останато, предвидени со член 18 од ЗЈП.

Управниот одбор има ингеренции да превзема мерки што се потребни и корисни за работа на јавното претпријатие за комунални дејности во согласност со закон.

**Член 15**

Управниот одбор на јавното претпријатие за комунални дејности ги врши следните работи:

-го донесува статутот на ЈП за комунални дејности,

-одлучува за статусни и други промени во согласностсо закон,

-ја усвојува Програмата за работа и развој на ЈП за комунални дејности,

-ја утврдува деловната политика,

-ја усвојува годишната сметка и извештајот за работењето,

-одлучува за употреба на средствата остварено со работењето на јавното претпријатие за комунални дејности и покривањето на загубите,

-донесува Одлука за инвестициони вложувања,

-ги утврдува цените на производите и услугите,

-одлучува за внатрешната организациона поставеност на јавното претпријатие за комунални дејности,

-донесува програми, планови, одлуки и други акти од областа на одбраната,

-одлучува во втор степен по приговори,

-ги донесува актите на претпријатието,

-избира претседател и заменик претседател на Управниот одбор,

-ги разгледува предлозите,

-формира комисии,

-се грижи за известувањето на работниците за прашања од интерес на нивното одлучување и контрола на претпријатието,

-донесува и други одлуки за работата од својата надлежност утврдени со актот за основање со Закон, овој Статут и општите акти на претпријатието,

-секој член на Управниот одбор при гласањето има 1 (еден) глас,

-одлуките на Управниот одбор се сметаат за донесени ако за нив гласале повеќе од половина од сите членови на управниот одбор.

-на Управниот одбор и Одборот за контрола на материјално-финасиско работење му следува паричен надоместок од одржана седница, во висина што сами ќе ја одредат.

**-ОДБОР ЗА КОНТРОЛА НА МАТЕРИЈАЛНО-ФИНАНСИСКО РАБОТЕЊЕ**

**Член 16**

За вршење на контрола на материјално-финансиското работење на јавното претпријатие се формира Одбор од 5 (пет) члена за контрола  согласно надлежностите предвидени во Законот и Статутот.

Одборот за контрола  задолжително се состанува најмалку 4 (четири) пати годишно.

Членовите на Одборот за контрола од став 1 на овој член основачот со свој акт ги иманува и разрешува.

Одборот за контрола, задолжително ги прегледува годишните сметки и извештаите за работа на јавното претпријатие за комунални дејности и по прегледувањето дава свое мислење до Управниот одбор.

Управниот одбор не може да ги усвојува годишните сметки и извештаи за работењето претпријатието, ако претходно не добие позитивно мислење од Одборот за контрола.

Членовите на Одборот за контрола, можат да присуствуваат на седницата на Управниот одбор и им се доставува покана  со материјали што им се доставуваат и на членовите на Управниот одбор.

За резултатите од извршената контрола Надзорниот одбор писмено го известува Управниот одбор, Советот на општина Чашка и Министерството за финансии.

Времетраењето на мандатот на членовите на Управниот одбор за контрола неможе да биде подолг од 4 (четири) години.

**Член 17**

Основањето на нови одделнија и работни единици, спојување, укинување или поделба на постојните се врши со Статутарна одлука за изменување и дополнување на Статутот што го носи Управниот одбор на Претпријатието, во согласност со програмата за работа и потребите на дејноста на претпријатието.

**-ДИРЕКТОР**

**Член 18**

Директорот се именува со мандат од 4 (четири) години. За директор на јавното претпријатие за комунални дејности може да се именува лице кое покрај општите услови предвидени со закон, треба да ги исполнува и следните услови:висока  стручна спрема

Директорот на јавното претпријатие за комунални дејности:

-го обезбедува спроведувањето на одлуките и заклучоците од Управниот одбор,

-учествува во спроведувањето на основите на програмата за работа и развој и одговара за нејзиното реализирање,

-учествува во утврдувањето на критериумите за користење и располагање со средствата и употребата на средствата остварени со работата на претпријатието,

-врши усогласување на деловната политика на претпријатието,

-врши други иницијативни и креативни работи во врска со работењето на јавното претпријатие за комунални дејности,

ја организира работата и се грижи за реализација на програмите и плановите за одбрана,

-донесува одлука за потреба за засновање однос за нови вработубања,

-врши избор од пријавените кандидати од јавен оглас,

-врши распоред на работниците согласно закон,

-донесува одлука за престанок на работен однос со отказ согласно законот,

-формира повремени стручни комисии,

-донесува наредби и издава налог за извршување на одредени работи на претпријатието,

-се грижи за информираност на работењето,

-врши други работи утврдени со закон и овој статут.

**Член 19**

Функцијата директор е неспоива со функцијата пратеник во Собранието на РМ, член на Советот на општината и член на Управниот одбор на претпријатието.

**Член 20**

Директорот на претпријатието за комунални дејности, одговара за резулататите од работењето и за законитоста на работењето на ЈП за комунални дејности.

Одговорноста на директорот се утврдува согласно со одредбите од законот за работни односи, колективните договори и КЗ на РМ.

**Член 21**

Директорот како застапник, е овластен во рамките на дејноста на претпријатието да склучува договори и да потпишува одредени спогодби, како и да го застапува претпријатието пред судовите и други органи.

За склучување одредени договори и спогодби кои се однесуваат на поголеми инвестиции вложувања за деловна технолошко-техничка соработка со домашни и странски

фирми, истражување и развој, како и набавка и оттуѓување на основни средства, Директорот мора да бара согласност и одобрение од Управниот одбор.

Работните задачи, задолженијата и одговорностите, ќе бидат дадени со Правилникот за оранизација и систематизација на работни места.

**Член 22**

За одредени работи и работни задолженија, Директорот може да издава полномоштва во писмена форма на други стручни лица, а особено поради застапувањето пред судските и другите органи.

Полномоштвото се издава во писмена форма, а може да се однесува за поединечени правни работи или одредени видови групни правни работи.

Полномошникот го застапува претпријатието само во границите на полномоштвото.

**-СОВЕТ НА ВРАБОТЕНИТЕ**

**Член 23**

Совето на вработените се избира од редот на вработените на предлог на Извршниот одбор на мнозинскиот синдикат со тајно гласање.

Советот брои 5 (пет) члена.

Мандатот на членовите е 4 (четири) години.

**Член 24**

Членовите на Советот неможат да бидат членови на органите на јавното претпријатие.

**Член 25**

Советот на вработените неговите членови ги предлага Управниот одбор на претпријатието од редот на вработените.

**V.ПОМОШНИ ОРГАНИ И ТЕЛА**

**Член 26**

За остварување на одредени права, обврски и одговорности на работниците во претпријатието се формираат помошни органи и тела како и комисии кои можат да бидат постојани и повремени.

Во претпријатието се формираат следниве постојани комисии:

-Комисија за зажтита на животната средина,

-Комсија за прашања од одбраната,

-Комисија за одликување,

-Комисија за контрола на боледувањето.

Бројот на членовите на Комисииите изнесува 3-5 члена, а нив ги избира Управниот одбор.

Комисиите од своите редови избираат претседател и заменик председател.

Комисиите ги свикува и со нив раководи претседателот односно заменик претседател.

Надлежноста на наведените комисии се утврдува со Закон за РО, Закон за одбрана, подзаконски правила, колективен договор и општи акти на претпријатието.

**Член 27**

Директорот како свое советодавно тело формира Стручен колегиум кој представува советодавен, стручен и оперативен орган.

Со колегиумот раководи и истиот го свикува директорот на претпријатието.

## VI.ОРГАНЗАЦИОНА ПОСТАВЕНОСТ НА ПРЕТПРИЈАТИЕТО

**ЧЛЕН 28**

Врботените во јавното претпријатие за комунални дејности внатрешната организираност на работењето ја оранизираат како единствена и неделива целина.

Во ЈП за комунални дејности не се основаат подружници.

По конкретната организациона поставеност на претпријатието ќе се утврди со Правилникот за внатрешна организација и систематизација на работните места.

**Член 29**

Јавното претпријатие за комунални дејности може да се поврзува со групи на претпријатија на начин утврден со закон.

Одлука за вакво поврзување донесува Управниот одбор на претпријатието.

**Член 30**

Во правниот промет, јавното комунално претпријатие настапува, самостојно и неограничено, а за своите обврски одговара со сите средства со кои располага и со кои се користи( целосна одговорност) движи предмети, стекнува права и превзема обврски.

## VII: АКТИ НА ЈАВНОТО ПРЕТПРИЈАТИЕ ЗА КОМУНАЛНИ ДЕЈНОСТИ

**Член 31**

Освен Статутот во претпријатието се донесуваат следните општи акти:

-правилник за организација и систематизациа,

-колективен договор,

-други акти.

Актите во претпријатието мора да бидат во согласност  со Статутот на претпријатието.

Сите општи акти на претпријатието стапуваат на сила осмиот ден од денот на донесувањето.

Толкување на општите акти дава Управниот одбор на претпријатието.

## VIII.ИНФОРМИРАЊЕ НА РАБОТНИЦИТЕ

**Член 32**

Управниот одбор и директорот се одговорни за редовно, вистинито информирање на работниците за севкупното работење на претпријатието, за остварување и распределба на добивката за располагањето, користењето и задржувањето на средствата, како и за други прашања од значење за работата на работниците и на претпријатието во целина.

Работниците единиците на локалната самоуправа, односно основачот, непосредно за работата на јавното комунално претпријатие за комунални дејности се информираат преку членовите на правниот одбор.

Работниците се информираат и преку огласна табла на претпријатието и други средства за информирање.

## IX.ОДБРАНА

**Член 33**

Работниците во претпријатието имаат право и должност да учествуваат во организирањето и остварувањето на одбраната и да вршат работи од обалста на цивилната заштита во согласност со закон.

**Член 34**

Работниците во претпријатието ја остваруваат одбраната со органзирање на работи и задачи од обаласта на одбраната со обезбедување на средства, донесување на акти, планови на одбрана и превземање на мерки во реализирање на плановите и програмите на одбраната.

**Член 35**

Производите и услугите на претпријатието ќе ги произведува и врши за потребите на Армијата на Република Македонија, цивилната заштита и органите на државната власт, се утврдуваат со договор помеѓу Министерството за одбрана и претпријатието.

Исто така и производите и услугите што ќе се произведуваат и вршат по барање на Владата на Република Македонија, се утврдуваат со договор помеѓу  надлежните министерства и претпријатието.

**Член 36**

За вршење на договорените обврски во воена состојба, доколку е неоходно, Министерството за одбрана ги обезбедува потребните извршители од воените обврзници во резерва.

## X.ЗАШТИТА И УНАПРЕДУВАЊЕ НА ЖИВОТНАТА СРЕДИНА И ПРИРОДАТА

### Член 37

Со цел да се подобри заштитата и унапредување на животната средина и природата Управниот одбор на претпријатието донесува програма, акти и соодветни одлуки и мерки, обезбедување средства за таа намена, а по потреба формира органи и задолжува поединци, кои ќе се грижат за спроведување на програмата, одлуките и мерките, се во делокруг на предметот на работењето на претпријатието.

### Член 38

Претпријатието при вршење на дејноста потребно е да обезбеди рационално користење на природните богатства, финансиски средства за заштита и унапредување на животната средина и природата во рамките на инвестиционите и производните проекти и програми и следење на влијанието на дејноста врз квалитетот на животната средина и природата се во делокругот на предметот на работењето.

## XI.СИНДИКАТ

**-УСЛОВИ ЗА РАБОТА НА СИНДИКАТОТ**

### Член 39

Комуналното претпријатие е должно да создаде услови за активноста на синдикатот во врска со заштитата на правата на работниците од работниот однос, утврден со закон и колективен договор.

Активноста на синдикатот во согласност состав 1 од овој член не може да се спречи со акт на јавното претпријатие.

### Член 40

На барање на синдикатот, комуналното претпријатие доставува податоци и информации за оние прашања што имаат непосредно влијание на материјалната и социјалната положба на синдикатот (работниците) и ги разгледува мислењата и редлозите на синдикатот во постапката на донесување на одлуки и решенија шо имаат битно влијание на материјалната и социјалната положба односно во остварувањето на правата на работниците.

На синдикалниот претставник му се овозможува непречено комуницирање со комуналното претпријатие или оваластено лице, кога тоа е неопходно за остварување на функциите на синдикатот.

**Член 41**

Комуналното претпријатие обезбедува стручни, административни и технички услови за работа на синдикатот за остварување на синдикалните функции, како иуслови за наплата на членарината во договор со надлежните органи на комуналното претпријатие.

**Член 42**

Представникот на синдикалната организација има посебна заштита и не може да биде повикан на одговороност, ниту доведен во неповолна положба, вклучуваќи го и престанокот на неговиот работен однос поради членство во синдикатот или учество во синдикалните активности со кои се штитат правата и интересите на работниците, ако постапува во согласност со закон и колективен договор.

Посебна заштита на представникот на синдикатот трае за време на неговиот мандат и две години потоа за синдикални активности согласно став 1 на овој член што ги превзел за време на неговиот мандат.

**Член 43**

Преставникот на синдикалната организација, поради синдикални активносто со кои се штитат правата и интересите на работниците не може:

-да биде распореден на друго работно место кај ист или друг работодавец,

-да биде утврден како технолошки вишок и распореден по тој основ,

-против него да се покрене постапка, односно да му престане работниот однос со отказ.

**Член 44**

На преставникот на синдикатот треба да му се овозможи ослободување од работа на негово оспособување и ефикасно вршење на функциите на синдикатот.

Начинот, времето и условите на ослободување од работа на синдикалниот представник утврдуваат со колективен договор на ниво на комуналното претпријатие.

**Член 45**

Член на синдикатот кој е избран, односно именуван во органите на синдикатот, чие вршење бара привремено да престане од работа кај јавното претпријатие има право по

престанување на функцијата што ја вршел да се врати во комуналното претпријатие на работа и работното мето кое одговара на неговата стручна подотовка.

## XII.ШТРАЈК

### Член 46

Работниците правото на штајк го осваруваат во согласност со закон и колективен договор на ниво на комуналното претпријатие..

### Член 47

Во интерес да се зачува безбедноста и успешното работење на претпријатието, поедини податоци од работењето и односите во комуналното претпријатие преставуваат деловна тајна и може да се соопштат на трети лица на начин пропишан со закон и посебен акт.

### Член 48

Под деловна тајна се сметаат сите оние документи и податоци кои како такви се прогласени со овој Статут, закон и други акти, како и:

-планови за физичко и техничко обезбедување на објектите и имовината,

-планови и податоци од обласа на одбраната,

-планови за ПП заштита,

-катастар на подземна инсталација,

-како и податоци и понуди за лицитации кои ќе бидат прогласен со акт или одлука на Управниот одбор на претпријатието.

### Член 49

Пристап и ракување со истите имаат само директорот и заменик директорот како и лицата кои ракуваат со истите.

## XIV.ПРЕОДНИ И ЗАВРШНИ ОДРЕДБИ

### Член 50

Управнот одбор на комуналното претпријатие го донесува овој Статут.

### Член 51

Статутот ќе се смета за донесен ако за истиот гласале повеќе од половината од сите членови на Управниот одбор.

**Член 52**

Сите акти во комуналното претпријатие ќе се усогласат со Статутот во рок од 6 месеци од стапувањето во сила на овој Статут.

**Член 53**

Измените и дополнувањата на овој Статут ќе ги врши Управниот одбор на начин и постапка како и при негово донесување.

Толкувањата на одредбите на овој Статут ќе ги дава Управниот одбор.

**Член 54**

Овој Статут стапува во сила и ќе се применува осмиот ден од денот на согласноста на основачот.

Управен одбор на ЈКПД
ТОПОЛКА -ЧАШКА
ПРЕТСЕДАТЕЛ

------------------------------------------